# Политика за приватност на личните податоци при посета на интернет-страницата на Апни си www.apnisi.mk

Оваа Политиката за приватност на личните податоци го уредува начинот на кој АПНИСИ ИН ДОО Струмица ги собира, користи, одржува и ги открива податоците собрани од корисниците (понатаму: „корисник“) при посета на нејзината интернет-страница www.apnisi.mk (понатаму: „интернет- страница“). Оваа политика за приватност се однесува единствено за интернет-страницата и не се однесува за личните податоци што се собираат на други начини. Оваа Политика на приватност не се однесува на Вашата посета на други интернет-страници до кои пристапувате преку нашите интернет-страници.

**Кои информации ги собираме?**

За време на посетата на интернет-страницата, Вашата приватност целосно се почитува. При посета на интернет-страницата, Апни си ги обработува Вашите лични податоци (лични податоци за идентификација и контактни информации), само доколку доброволно ги дадете преку регистрирање на нашата интернет-страница заради користење на нашите услуги, какви што се нарачка на храна од одреден ресторан, нарачка на пијалок од одреден ресторан, нарачка на артикл од одреден маркет.

**За кои цели се користат собраните податоци и информации?**

Вашите лични податоци ги обработуваме:

- За овозможување на онлајн користење на нашите услуги, со намера за подобрување на корисничкото искуство преку унапредување на квалитетот на услугата кон корисниците, односно поефикасно одговарање на Вашите барања и давање на потребната поддршка

- За администрирање на содржината, промоциите, анкетите и други функционалности на страницата, а сè со цел да го подобриме нејзиниот квалитет и услугите што ги нуди и

- Извршување на бараната услуга од страна на корисникот.

Вашите лични податоци нема да се обработуваат за ниту една друга цел, освен за целта заради која се собрани. Обработка на Вашите лични податоци за друга цел, може да се врши единствено врз основа на Ваша претходна согласност.

**На кој начин се врши обработката на личните податоци?**

Обработката на Вашите лични податоци Апни си ја врши во согласност со прописите за заштита на лични податоци на Република Македонија, преземајќи ги сите пропишани технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита при обработката на личните податоци со кои располага. Вработените во Апни си се обврзани да ги чуваат во тајност сите информации (вклучително и личните податоци) до кои ќе дојдат за време на извршувањето на нивните работни задачи. Апни си применува сигурносни мерки при прибирање, чување и процесирање на информациите заради заштита од неавторизиран пристап, промена, откривање или уништување на Вашите лични податоци, како и податоци што не се лични, а се складирани на нашата страница. Личните податоци може да се откријат само на надлежни органи во со закон предвидена постапка.

**Други информации**

Имајќи ја предвид природата на интернетот, треба да се напомене дека при неговото користење, пасивно и автоматски се собираат податоци за навиките и за преференциите на неговите корисници. При посетата на интернет-страницата од корисниците, Апни си може да евидентира и информации поврзани со нив, кои сами по себе не се доволни за да идентификуваат одредено лице и претставуваат статистички показатели што се користат заради подобрување на квалитетот на интернет-страницата. Таквите информации може да ги вклучуваат името на пребарувачот на интернет, типот на компјутерот, како и технички информации за конекцијата што ја користи корисникот при посета на интернет-страницата, како што се оперативен систем и испорачувачот на интернет-услугата, IP (интернет-протокол) адреси што се доделуваат од интернет-провајдерите и се различни за секој корисник на интернет и слични информации.

**„Колачиња“ на пребарувачот на интернет**

„Cookies“ се мали текстуални фајлови, кои се снимаат на Вашиот компјутер заради следење на движењето на Вашиот интернет-пребарувач од страна на интернет-страницата, но не се поврзуваат со Ваши лични податоци што сте ни ги доставиле. Со помош на ваквите фајлови Апни си го следи движењето на посетителите на страницата по неа и на тој начин собира податоци за да се подобри корисничкото искуство и за да ја оптимизира и да ја унапреди функционалноста на интернет- страницата. На интернет-страницата има само таков тип на „Cookies“ што се чуваат на компјутерот на корисникот онолку време колку што има поставено во интернет-пребарувачот. Корисниците може да изберат да ги наместат своите пребарувачи на интернет да ги одбијат „колачињата“. Доколку корисниците ја одберат таа можност, одредени делови од страницата може да не функционираат како што е предвидено.

**Промени во политиката за приватност на личните податоци**

Апни си има право да ја ажурира оваа политика за приватност на личните податоци во кое било време. Кога ќе го направиме тоа, ќе дадеме известување на интернет-страницата и ќе го ревидираме датумот на ажурирање на крајот на оваа страница. Корисникот прифаќа и се согласува дека е негова одговорност периодично да ја проверува Политиката за приватност и дека е свесен за промените.

**Прифаќање на условите**

Со користење на оваа страница, корисникот се согласува со одредбите од оваа Политика за приватност. Доколку не се согласувате со Политиката, Ве молиме не користете ја интернет- страницата. Вашето континуирано користење на интернет-страницата следејќи ги промените на оваа Политика, ќе се смета за Ваше прифаќање на дадените промени